Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 96, 15 февруари 2013 година

февруари 2013 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕЦЕНЗИЈА** за трудот „Основи на финансии“ од проф. д-р Ристо Фотов, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 3

**РЕЦЕНЗИЈА** за ракописот „Германско-македонски разговорник“ (практикум за предметот Германски јазик) од д-р Билјана Ивановска, Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 7

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало „Практикум за музичко образование и воспитание со методика - за студентите од Одделенска настава и Предучилишно воспитување“ од м-р Ангеле Михјаловски и м-р Ленче Насев, Факултет за музичка уметност, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 9

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало/скрипта „Методика на наставата по музичко воспитување и образование“ за Одделенска настава од м-р Ангеле Михјаловски и м-р Ленче Насев, Факултет за музичка уметност, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 11

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало/скрипта „Деловна комуникација“ од проф. д-р Еленица Софијанова, проф. д-р Маргарита Матлиевска и м-р Тамара Јованов-Марјанова, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 13

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало/скрипта „Вовед во теорија на аудиопродукција“ од асс. м-р Христо Стојаноски и проф. м-р Антонијо Китановски од Факултет за музичка уметност, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 16

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Водич низ пијанистичките техники“ од авторите асс. м-р Христо Стојаноски и проф. м-р Татјана Џорлева од Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 18

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот скрипта „Просторно планирање“ од д-р Никола В. Димитров, доцент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 20

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало/скрипта „Техника и практични вежби за инструментот џез тапани” од доцент м-р Александар Секуловски, Факултет за музичка уметност, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 22

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Интегрално производство на индустриски и фуражни култури“ од авторот доц. д-р Мите Илиевски, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 24

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 26

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ ЗА СКРИПТА „ИНТЕГРАЛНО ПРОИЗВОДСТВО НА ИНДУСТРИСКИ И ФУРАЖНИ КУЛТУРИ“ ОД АВТОРОТ ДОЦ. Д-Р МИТЕ ИЛИЕВСКИ, ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет, бр. 1802-260/12 од 26.9.2012 година, формирана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Драгица Спасова, доцент на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и
- д-р Милан Ѓорѓиевски, доцент на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип,

со задача да изготви и достави писмен извештај–рецензија на ракописот за скриптата „**Интегрално производство на индустриски и фуражни култури**“, поднесен од авторот доц. д-р Мите Илиевски од Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Рецензентската комисија во горенаведениот состав, по добивањето и деталното прегледување на материјалот, го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Материјалот кој е опфатен во скриптата е во согласност со наставната програма по предметот Интегрално производство на индустриски и фуражни култури, кој според студиската програма на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, се изучува како задолжителен во седмиот семестар на модулот „Интегрално земјоделско производство”, со неделен фонд на часови 2+2+1.

Материјалот е презентиран на 96 страници, во 10 тематски поглавја и повеќе потпоглавја, а содржи 2 табели и 44 слики. Во првото поглавје - Вовед е дефиниран системот на интегралното производство како дел од научната дисциплина специјално полјоделство што ги проучува теорететските основи и ја разработува производната технологија и производство на полјоделски култури за добивање на високи, стабилни, рентабилни и квалитетни приноси. Предмет на проучување се принципите и техниките на одгледување кај овие растенија во систем на интегрално производство кои во суштина се сложени и специфични, но и запознавање со природните услови кои им се потребни на културите за нивно одгледување. Во воведниот дел накратко се изнесени издиференцираните видови на полјоделско производство во зависност од природните услови, но и од начинот и употребата на одредени принципи и агротехнички мерки и решенија.

Во второто поглавје - Основни начела на интегралното производство, авторот дава краток осврт на основните начела во системот на интегрално производство на растенијата кои произлегуваат од основните начела на растителното производство, но овде се потенцираат особено оние кои ќе придонесат за добивање на безбедни производи за употреба, заштита на животната средина и зголемување на приходите на производителите и обезбедување на доволна продукција на храна за потребите на општеството. Во следното поглавје се претставени поголемиот дел од агротехничките мерки и решенија што му стојат на располагање на производителот и нивна употреба во системот на интегралното производство за да се остварат задоволителни приноси со соодветен квалитет, а притоа да се минимизира неповолното влијание на производството врз екосистемот и животната средина.

Во четвртото поглавје е дадена поделбата на полјоделските култури според употребата во стопанството во четири групи и тоа житни или зрнесто скробни растенија, зрнесто белковински растенија или варива, растенија за техничка преработка и растенија за добиточна храна.

Во следните поглавја, авторот дава осврт и појаснување за начините на интегрално производство на маслодајните, влакнодајните и културите за производство на шеќер, притоа давајќи јасна насока за кои култури станува збор и одделно го прикажал нивното стопанското значење, потребата на културата од природни услови и примената на соодветни агротехнички мерки и решенија при интегрален начин на производство, со цел да се добијат приноси кои ќе ги исполнат критериумите за здрави производи и кои ќе гарантираат голема безбедност при нивно користење.

Во седмото и осмото поглавје се обработени две многу значајни култури за техничка преработка и поголем дел од ароматичните, зачинските и лековитите растенија од аспект на нивно производство во интегралниот систем, а во деветтото поглавје се претставени поголемиот број на фуражни култури со посебен осврт на примена на соодветни агротехнички мерки кои треба да се применуваат при интегралниот систем на производство за да се добијат високи и стабилни приноси кои ќе бидат здрави и безбедни за домашните животни и ќе придонесат за зачувување на здравјето кај нив.

На крајот од ракописот авторот наведува 16 наслови на литература кои се користени при пишувањето на скриптата.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од напред изнесеното, Комисијата во состав доц. д-р Драгица Спасова и доц. д-р Милан Ѓорѓиевски констатира дека ракописот за скриптата „Интегрално производство на индустриски и фуражни култури“, пријавен од авторот доц. д-р Мите Илиевски е напишан според програмската содржина на предметот за кој е наменет и ќе биде од голема корист на студентите за совладување на наставните содржини од истиот предмет.

Врз основа на напред изнесеното, Комисијата му препорачува на Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет да го прифати рецензираниот ракопис за скриптата „**Интегрално производство на индустриски и фуражни култури**“ од авторот доц. д-р Мите Илиевски и истиот да го одобри за користење како **интерна скрипта**, а воедно и да им предложи на органите на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, негово соодветно издавање.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Драгица Спасова, доцент, с.р.**
**Д-р Милан Ѓорѓиевски, доцент, с.р.**